Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 93, 3 декември 2012 година

декември 2012 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за иизбор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област торакална хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научното подрачје гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 27

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област анестезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 29

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 34

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 37

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област оториноларингологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 65

**РЕФЕРАТ** за иизбор на помлад асистент/асистент (специјалист) за наставно-научната област трауматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 68

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област физика и геофизика на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 73

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 79

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 85

**РЕФЕРАТ** за избор на виш лектор од научна област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 88

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 97

**РЕФЕРАТ** за избор на лектор од научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 100

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање доцент за наставно-научната област полимерно инженерство и анализа и синтеза на процеси на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 104

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област полимерни материјали и композитни материјали на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 109

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област педагогија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 115

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област финансии и банкарство на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 120

**РЕФЕРАТ** за избор на доцент за научната област сликање и сликарски техники на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 125

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (помлад асистент) за наставно-научната област казнено право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 135

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област информациони системи и мрежи и процесирање на податоци на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 142

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област микробиологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 144

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 146

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 149

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Заштита при работа“ од доц. д-р Дејан Мираковски и асс. м-р Марија Хаџи-Николова, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 152

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Техничка заштита во рударството“ од доц. д-р Дејан Мираковски и асс. м-р Марија Хаџи-Николова, вработени на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 155

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Стоматолошки материјали и технологија” од доц. д-р Ивона Ковачевска, Факултет за медицински науки, општа стоматологија и стручни студии за забен техничар протетичар, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 158

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 162

**ОДЛУКИ** за избор на визитинг професори ..... 163

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ПРАКТИКУМ ПО СЕНЗОРНА И АНАЛИТИЧКА ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИНО“ ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р ВИОЛЕТА ИВАНОВА-ПЕТРОПУЛОС, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, како и Одлуката бр. 1802-323/13 од 73. редовна седница на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет, одржана на 22.10.2012 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Боримир Војноски, редовен професор во пензија на Земјоделски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,
– д-р Марина Стефова, редовен професор на Институтот за хемија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,

за изготвување на извештај, рецензија, на приложениот ракопис со наслов „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, наменет за студентите од прв циклус на студии при Земјоделски факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип.

По добивањето и деталното прегледување на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет го поднесува следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос претставува заложба на авторот да обезбеди потребна литература за вежби од областа на сензорна и аналитичка евалуација на вино за студентите од студиската програма Енологија, прв циклус, на Земјоделскиот факултет во Кавадарци. Практикумот содржи 13 вежби подготвени во согласност со студиската програма и содржините за предметот Сензорна и аналитичка евалуација на вино, во четврта академска година (VIII семестар) со неделен фонд на часови 1+1+1 и 4 кредити.

**Податоци за обемот на ракописот.** Проблематиката што е предмет на обработка е претставена во текст од 56 страници, од кои на 55 страници е претставен основниот текст, а на 1 страница се дадени 3 релевантни библиографски единици, објавени во списанија со импакт фактор од страна на авторот. Текстот во трудот е поткрепен со 2 слики и 4 табели.

Трудот е пишуван во А4 формат, со проред 1, фонт Arial и големина на буквите 10. Обемот и содржината на трудот ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**. Ракописот претставува оригинален труд, напишан на јасен стил и содржи многу корисни информации за методи за контрола на квалитет на вино, како за студентите од модулот Енологија, така и за други лица од областа на винарството во Македонија. Според тоа, скриптата „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино“ претставува единствен едукативен пишан труд кој обработува ваква специфична проблематика во нашата земја, приспособен за потребите на едукација во областа на енологијата.

**Краток опис на содржината**. Од содржински аспект, во трудот се опфатени 13 тематски целини - вежби: Оценување на изглед и мирис (Вежба 1); Оценување на вкус (Вежба 2); Описни методи (Вежба 3); Методи на распознавање (Вежба 4); Дегустирање на вина од различни сорти, технологии на производство и години (Вежба 5); Определување

на вкупна киселост и сулфур диоксид во вино (Вежба 6); Определување на алкохол во вино (Вежба 7); Определување на испарливи киселини и шеќери во вино (Вежба 8); Спектрофотометриско определување на вкупни полифеноли во вино (Вежба 9); Спектрофотометриско определување на вкупни антоцијани, боја и нијанса на вино (Вежба 10); Анализа на испарливи компоненти во вино со гасна хроматографија (Вежба 11); Определување на метали во вино со ICP-MS (Вежба 12); Определување на pH и тартаратна стабилност (Вежба 13).

*Во првата вежба* од практикумот се опишуваат првите две фази од сензорната анализа на вино, односно се опишуваат изглед и мирис на виното. Авторот дава објаснување за основните параметри кои се оценуваат при проценка на изгледот на виното, а потоа се опишува постапката на определување на изглед. Потоа, се опишува мирисот на виното, класификација на мирисите и компонентите одговорни за мирис на виното, како и постапката на определување на мирис. Во склоп на првата вежба се дадени четири формулари за опишување на изглед и мирис на вино.

*Втората вежба* се однесува на оценување на вкус на вино. Даден е краток опис на вкусовите, а потоа се објаснува приниципот на определување. Во склоп на оваа вежба дадени се формулари за оценување на вкус на вино.

Опишување на мирис е дел од описните методи за сензорна анализа на вино, опфатено во *третата вежба* од практикумот. Составен дел на оваа вежба е формулар за опишување на мирис.

Во *четвртата вежба* се разработуваат методи на распознавање, во кои се вклучени парен тест, дуо-трио тест и тест на триаголник, надополнети со соодветни формулари за секој од овие тестови, соодветно.

Во *петтата вежба* е опишан начинот на изведување на сензорна анализа (дегустација) на различни вина, црвени, розе и бели, произведени во различни години на производство и со различни технологии. Запишувањето на заклучоците од оценувањето студентите може да го вршат на формулари за дегустација, кои се составен дел од оваа вежба.

Определувањето на вкупна киселост и сулфур диоксид на вина е објаснето во *вежба шест*. Оваа вежба е поделена на два дела: прв дел, каде што се дава опис на постапката за определување на вкупна киселост и начинот на пресметување, со даден пример, и втор дел, каде се дава опис на определувањето на слободен и вкупен сулфур диоксид и начинот на пресметување. Приложени се и табели за вкупна киселост и сулфур диоксид.

*Вежба седум* се однесува на определување на алкохол, во која е опишан принципот на определување на алкохол со помош на ебулиометар.

Во *осмата вежба* е објаснето определувањето на испарливи киселини, со постапката на определување и начинот на пресметување. Во оваа вежба е вклучено и определување на редуктивни шеќери во вино, со постапката на определување, а дадена е и таблица за шеќери.

*Вежба девет* опишува пософистицирана метода за анализа на вино. Имено, станува збор за анализа на вкупни полифеноли, еден од клучните фактори кои го определуваат квалитетот на виното. Во вежбата е опишан принципот на определување и пресметување.

Антоцијаните се главните обоени компоненти кои ја одредуваат бојата на виното. Во *десеттата вежба* е опишана постапка за определување на вкупни антоцијани, како и постапката за определување и пресметување на интензитет на боја, нијанса и состав на боја (црвена, сина и жолта боја).

Ароматичните соединенија се главни компоненти одговорни за мирисот на виното, како и за целокупниот негов квалитет. Затоа, од голема важност е да се определат аромите во вино. За таа цел, во овој практкиум, вежба единаесет опишува постапка за анализа на ароматските соединенија во вино, со примена на течно-течна екстракција со дихлорометан, и анализа на добиениот екстракт со гасна хроматографија поврзана со масен спектрометар (GC-MS).

Во *вежба дванаесет* е опишана постапката за анализа на метали во вино со примена на техниката ICP-MS.

Практикумот содржи уште една дополнителна *вежба тринаесет*, за која авторот смета дека ќе им биде од особена корист на студентите. Оваа вежба се однесува на определување на pH на вино и определување на тартаратна стабилност, со два опишани тестови: тест со ладење во фрижидер и тест со замрзнување.

## З А К Л У Ч О К

Ракописот „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос е резултат на залагањето на авторот да обезбеди соодветно помагало за реализација на практична настава од областа на сензорна и аналитичка евалуација на вино наменета за студентите од студиската програма Енологија, прв циклус на студии. Практикумот е подготвен според студиската програма и предвидените содржини за практична настава по предметот Сензорна и аналитичка евалуација на вино.

Без сомнение, практикумот е подготвен од компетентен автор и активен во областа на хемиска карактеризација на грозје и вино, што е поткрепено и со користење на оригинални методи развиени од авторот. Упатеноста на авторот во областа придонесува јазикот на кој е напишан практикумот да биде јасен и разбирлив, а постапките за изведување на вежбите прецизни и точни. Според тоа, практикумот, од педагошки и научен аспект го поседува нивото соодветно за студенти на I циклус студии.

**Според горенаведеното, практикумот со наслов „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино“ го категоризираме како рецензиран и имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет во Штип да му предложиме да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Боримир Војноски, редовен професор, с.р.**
**Д-р Марина Стефова, редовен професор, с.р.**